**XXIX К.бр.2472 /16**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ** како првостепен кривичен суд, преку судијата Илија Трпков како судија поединец, со записничар Марија Ангеловска - судски службеник, одлучувајќи по обвинителен предлог на ОЈО С. КО2 бр.165/16 од 18.11.2016 година, против обвинетиот Ш. Г. од С., за кривично дело – Тешка кражба од чл. 236 ст. 1 т.1 в.в со чл.22 в.в со чл.45 од КЗ, по одржаната главна, јавна и усна расправа во присуство на ЈО од ОЈО С. – Јован Серафимовски и бранителот на обвинетиот поставен по службена должност Дејан Славковси адвокат од С., а во отсуство на обвинетиот Ш. Г. - недостапен на органите за прогон на РМ, согласно чл.365 ст.3 и 4 од ЗКП, на ден 15.05.2017 година ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

**ОБВИНЕТИОТ:**

**Ш. Г. со ЕМБГ ...,** од татко Ч. мајка П. роден на ... година во С. каде и живеел на ул.„..“ бб, Ром, државјанин на РМ, неосудуван, се водат постапки за други кривични дела, недостапен на органите на прогон на РМ.

**В И Н О В Е Н Е**

**ЗАТОА ШТО:**

Во временски период од 28.12.2015 година до 13.01.2016 година, по претходен договор и заедно со детето С. Г. со умисла извршил временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на исто дело, исти прилики и исти околности така што:

- Во период од 28.12.2015 година до 04.01.2016 година, на ул.„...“ бр... локал.. по претходен договор и заедно со детето С. Г. роден ... година, од деловниот простор од фирмата ... промет ДООЕЛ С., сопственост на оштетениот Х.А. со кршење одзел еден радијатор со димензии 2м x 40см во вреност од 18.000,00 денари и два радијатори со димензии 1,5м x 40 см секој во вредност од по 14.500,00 денари или во вкупна вредност од 47.000,00 денари, со намера противправно да ги присвои, на начин што откако дошле на наведеното место, со употреба на сила го избиле долниот лимен дел од дополнителната влезна врата, при што направиле отвор 90x40см и преку така отворениот отвор влегле внатре, па со употреба на погоден алат ја исекле доводната и одводната инсталација на трите радијатори, ги одзеле и го напуштиле местото на настанот, а потоа со такси возило „Форд Галакси“ со рег.ознаки ... управувано од сведокот А. Џ. го однеле во отпад „... “ ДООЕЛ С., сопственост на сведокот С.Ј. и истите ги продале за сума од 1.920,00 денари.

- Во период од 12.01.2016 година до 13.01.2016 година, на ул.„... “ бр... локал ... по претходен договор и заедно со детето С. Г. роден ... година, од деловниот простор од фирмата ... промет ДООЕЛ С., сопственост на оштетениот Х.А. со кршење одзел еден радијатор со димензии 2м x 40см во вредност од 18.000,00 денари, со намера противправно да ги присвои, на начин што откако дошле на наведеното место, со употреба на сила го избиле долниот лимен дел од дополнителната влезна врата, при што направиле отвор 90x40см и преку така

www.amerika-radio.com

отворениот отвор влегле внатре, па со употреба на погоден алат ја исекле доводната и одводната инсталација на радијаторот, го одзеле и го напуштиле местото на настанот, а потоа со такси возило „Форд Галакси“ со рег.ознаки ... управувано од сведокот А. Џ. го однеле во отпад „...“ ДООЕЛ С., сопственост на сведокот С.Ј. и истиот го продале за сума од 960,00 денари.

Со горните дејствија обвинетиот Ш. Г. од С. сторил кривично дело – Тешка кражба од член 236 ст. 1 т.1 в.в со чл.22 в.в со чл.45 од КЗ, па согласно наведениот член и членовите 4, 7, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35 и 39 од КЗ, судот обвинетиот го:

**О С У Д У В А**
**НА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ**
**ОД 1- ЕДНА ГОДИНА и 8 - ОСУМ МЕСЕЦИ**

Согласно чл.102 и 105 ст.1 од ЗКП, обвинетиот Ш. Г. СЕ ЗАДОЛЖУВА да плати на име кривичен судски паушал износ од 2.000,00 денари на жиро сметка:100000000063095, депонент:НБРМ, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка:631, корисник:10 приходна шифра:724132, програма:20, начин:2, примач: Основен суд Скопје 1 С., како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во износ од 4.800,00 денари, се во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

Согласно член 114 став 2 од ЗКП, обвинетиот Ш. Г. се задолжува да ја надомести штетата на оштетениот Х.А. во износ од 47.000,00 денари, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување, а за евентуално поголемо барање за надомест на штета оштетениот Х.А., се упатува на граѓански спор – парница.

**ОБ Р А З Л О Ж Е Н И Е**

ОЈО С. до овој суд поднесе обвинителен предлог КО2 бр.165/16 од 18.11.2016 година, против обвинетиот Ш. Г. од С., за кривично дело – Тешка кражба од чл. 236 ст. 1 т.1 в.в со чл.22 в.в со чл.45 од КЗ

Судот, постапувајќи по обвинителниот предлог, на ден 15.05.2017 година одржа главна, јавна и усна расправа, на која по предлог на Јавниот обвинител, донесе решение на обвинетиот да му се суди во отсуство, согласно член 365 ст.3 и 4 од ЗКП, бидејќи видно од писменото известување од РМ МВР СВР С. ПС ОН К. рег.бр.28.7.1.7-421 и рег.бр.28.7.1.7-866 од 17.03.2017 година, примено во судот на ден 24.0[illegible].2017 година, обвинетиот е недостапен на органите на прогон на РМ, а постојат особено важни причини да му се суди иако е отсутен, пред се заради ефикасно водење на кривичната постапка, остварување на целите на казнената политика и неизвесност од обезбедување присуство на обвинетиот на главната расправа. Согласно чл.74 ст.5 од ЗКП, судот на обвинетиот му назначи бранител по службена должност Д. С. адвокат од С..

По завршување на доказната постапка, јавниот обвинител во завршен збор наведе дека останува во целост на обвинителниот предлог со оглед да од содржината на сите материјални и вербални докази изведени во текот на

www.amerika-radio.com

главната расправа, надвор од разумно сомнение се утврдило дека обвинетиот го сторил кривичното дело за кое се товари. Наведе дека од вештачењето на СВР С. Сектор за крим технички испитувања, произлегува дека отпечатоците пронајдени на местото на извршување на кривичното дело припаѓаат на сега обвинетиот Г. Ш. кој што заедно со неговиот брат, малолетникот Г. С. ги превзел дејствијата на извршување на делото. Предложи обвинетиот да биде огласен за виновен и на истиот да му биде изречена соодветна кривична санкција имајќи ги предвд сите олеснителни и отежителни околности од член 39 од КЗ.

Бранителот на обвинетиот Ш. Г. – Дејан Славковски адвокат од С. поставен по службена должност, во завршен збор побара од судот доколку утврди вина на страна на обвинетиот при изрекување на кривичната санкција да ги има во предвид олеснителните околности кои стојат на страна на истиот, како што се возраста и неговата имотна состојба.

На главната расправа, во текот на доказна постапка судот ги дозволи и изведе предложените материјални докази со читање и увид во: Записник за извршен увид на обезбедено место на настан на РМ МВР СВР С. број 28.16.1-634/1 од 09.02.2016 година, Записник за извршен увид на обезбедено место на настан на РМ МВР СВР С. број 28.16.1-630/1 од 09.02.2016 година, потврда за привремено одземени предмети број 244/10 од 15.01.2016 година на РМ МВР СВР С., ОИД МД К. и Ѓ. П. потврда за привремено одземени предмети број 244/10 од 15.01.2016 година на РМ МВР СВР С. ОИД МД К. и Ѓ. П. потврда за привремено одземени предмети на РМ МВР СВР С. ОИД МД К. и Ѓ. П. број 736/35 од 09.02.2016 година, потврда за вратени предмети на МВР СВР С. ОИД МД К. и Ѓ. П. број 244/10/1 од 09.02.2016 година, кантарно каса исплати број 16 од 03.01.2016 година од ... ДООЕЛ, кантарно каса исплати број 17 од 13.01.2016 година од ... ДООЕЛ, потврда од кривична и казнена евиденција на Основен суд Скопје 1 С. КР-4393/16 од 25.02.2016 година на име на обвинетиот Ш. Г. фотодокументација број 66/2016 година од 04.01.2016 година со 9 девет фотографии, фотодокументација од 13.01.2016 година со 15 фотографии, вештачење број СК-196/2016 од РМ МВР ЦПС Одделение за криминалистичко-технички испитувања и вештачења – С. од 10.02.2016 година, па ценејќи ги сите овие докази, секој одделно и сите заедно во склоп на една доказна целина, а по слободно судиско убедување ја утврди следната фактичка состојба:

Обвинетиот Ш. Г. е роден на ... година во С. каде и живеел на ул.„...“ ... Истиот е Ром, државјанин на РМ, неосудуван, се водат постапки за други кривични дела недостапен на органите на прогон на РМ.

Обвинетиот Ш. Г. во временски период од 28.12.2015 година до 13.01.2016 година, по претходен договор и заедно со детето С. Г. со умисла извршил временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на исто дело, исти прилики и исти околности така што:

- Во период од 28.12.2015 година до 04.01.2016 година, на ул.„...“ бр... локал 7 по претходен договор и заедно со детето С. Г. роден ... година, од деловниот простор од фирмата ... ДООЕЛ С., сопственост на оштетениот Х.А. со кршење одзел еден радијатор со димензии 2м x 40см во вреност од 18.000,00 денари и два радијатори со димензии 1,5м x 40 см секој во вредност од по



www.amerika-radio.com

14.500,00 денари или во вкупна вредност од 47.000,00 денари, со намера противправно да ги присвои, на начин што откако дошле на наведеното место, со употреба на сила го избиле долниот лимен дел од дополнителната влезна врата, при што направиле отвор 90х40см и преку така отворениот отвор влегле внатре, па со употреба на погоден алат ја исекле доводната и одводната инсталација на трите радијатори, ги одзеле и го напуштиле местото на настанот, а потоа со такси возило „Форд Галакси" со рег.ознаки ... управувано од сведокот А. Ц. го однеле во отпад „... " ДООЕЛ С., сопственост на сведокот С.Ј. и истите ги продале за сума од 1.920,00 денари.

- Во период од 12.01.2016 година до 13.01.2016 година, на ул.„..." бр.. локал... по претходен договор и заедно со детето С. [illegible]. роден ... година, од деловниот простор од фирмата ... ДООЕЛ С., сопственост на оштетениот Х.А. со кршење одзел еден радијатор со димензии 2м х 40см во вредност од 18.000,00 денари, со намера противправно да ги присвои, на начин што откако дошле на наведеното место, со употреба на сила го избиле долниот лимен дел од дополнителната влезна врата, при што направиле отвор 90х40см и преку така отворениот отвор влегле внатре, па со употреба на погоден алат ја исекле доводната и одводната инсталација на радијаторот, го одзеле и го напуштиле местото на настанот, а потоа со такси возило „Форд Галакси" со рег.ознаки ... управувано од сведокот А. Ц. го однеле во отпад „... " ДООЕЛ С., сопственост на сведокот С.Ј. и истиот го продале за сума од 950,00 денари.

Горната фактичка состојба судот ја утврди од материјалните докази изведени во текот на главната расправа од кои се утврдија релевантните околности под кои делото е сторено, времето, местото, начинот и последиците од истото.

Околности во врска со кривичноправниот настан, судот утврди од записникот за извршен увид на обезбедено место на настан на РМ МВР СВР С. број 28.16.1-634/1 од 09.02.2016 година. Од наведениот записник судот утврди дека од страна на РМ МВР СВР С. на ден 04.01.2016 година бил извршен увид на ул.„... " во локалот сопственост на фирмата на оштетениот Х.А. - ДТУ „... " ДООЕЛ С.. Од страна на увидната група е констатирано дека во периодот од 28.12.2015 година од 16,00 часот до 04.01.2016 година, непознат сторител дошол во локалот, при што насилно делувал на дополнителната влезна врата на деловниот простор, па со употреба на сила го избил долниот лимен дел и направил неправилен отвор во димзензии 90х45 см. Преку така направениот отвор сторителот влегол внатре, ја пресекол доводната и одводната инсталација на 3 – три радијатори поставени во деловниот простор и истите ги одзел.

Од записникот за извршен увид на обезбедено место на настан на РМ МВР СВР С. број 28.16.1-630/1 од 09.02.2016 година, судот утврди дека од страна на службени лица на МВР СВР С. на ден 13.02.2016 година бил извршен увид на ул... во локалот на оштетениот Х.А.. Во записникот е констатирано дека на 12/13.01.2016 година непознат сторител дошол на наведената улица и ја избил дополнителната влезна врата од улица од локалот, сопственост на фирмата на оштетениот Х.А. - ДТУ ... ДООЕЛ С., при што направил отвор во димензии 90х40 см. Преку така направениот отвор сторителот влегол внатре, ја пресекол доводната и одводната инсталација на еден радијатор поставен во

www.amerika-radio.com

деловната просторија, а потоа го демонтирал и одзел радијаторот.

Од потврдата за привремено одземени предмети број 244/10 од 15.01.2016 година на РМ МВР СВР С. ОИД МД К. и Ѓ. П. судот утврди дека од С.Ј. сопственик на отпадот "... " ДООЕЛ С. на 15.01.2016 година, одземен е еден алумински радијатор бела боја. Исто така од сопственикот на отпадот С.Ј. со потврдата за привремено одземени предмети број 244/10 од 15.01.2016 година на РМ МВР СВР С. ОИД МД К. и Ѓ. П. одземени се и две кантарно – каса исплати за откуп на алумински радијатори.

Од потврдата за вратени предмети број 244/10/1 од 09.02.2016 година на РМ МВР СВР С. ОИД МД К. и Ѓ. П. судот утврди дека на оштетениот А. Х. вратен му е еден алумински радијатор бела боја.

Битни околности во врска со кривичноправниот настан, судот утврди од кантарно каса – исплатите бр. 16 и 17. Имено, од кантарно – каса исплата бр 16, судот утврди дека обвинетиот Ш. Г. на 06.01.2016 година на "... " ДООЕЛ, продал два радијатори за кои изјавил дека се негова сопственост, а од кантарно – каса исплати бр.17, утврди дека обвинетиот на ден 13.01.2016 година на "... " ДООЕЛ, исто така продал еден радијатор за кој изјавил дека е негова сопственост.

Решавачки факти во однос на кривичната одговорност на обвинетиот, судот утврди од вештиот наод на РМ МВР – ЦКС Оддел за криминалистичко - технички испитувања и вештачења бр.... од 10.02.2016 година. Од вештиот наод, судот утврди дека папиларните линии пронајдени и фиксирани на плочка од подот во деловниот простор ДТУ „... " ДООЕЛ, обезбедени при извршен увид на ден 13.01.2016 година потекнуваат од дланката на десната рака на обвинетиот Ш. Г.

Од фотодокументацијата број 66/2016 од 04.01.2016 година со девет фотографии и фотодокументацијата број 196 од 13.01.2016 година со 15 – петнаесет фотографии на РМ МВР криминалистичка техника СВР С. – Единица за истрага на место на настан и вештачење, судот го утврди општиот изглед на деловните простории на фирмата ДТУ .... ДООЕЛ С., сопственост на оштетениот Х. А. лоциран на ул.... број .. локал број ... изгледот на дополнителните влезни врати и избиените лимови, како и направените отвори. Исто така судот го утврди внатрешниот изглед на празниот деловен простор, пресечените пластични цевки од парното греење, како и држачите на кои биле поставени радијаторите.

Од потврдата за казнена и кривична евиденција на Основен суд Скопје I С. КР-4393/16 од 25.02.2016 година на име на обвинетиот Ш. Г. судот утврди дека истиот како полнолетник е неосудуван и против него не се водат постапки за други кривични дела.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба следуваше судот да одлучи како во диспозитивот на оваа пресуда од причина што од доказите на кои судот поклони верба, а се погоре образложени, се утврди дека во дејствијата на обвинетиот Ш. Г. содржани се сите битни елементи на кривичното дело – Тешка кражба од член 236 ст. 1 т.1 в.в со чл.22 в.в со чл.45 од Кривичниот законик, поради што судот обвинетиот го огласи за виновен за ова кривично дело. Имено,

www.amerika-radio.com

кривичното дело од цитираната одредба го чини „Тој што ќе одземе туѓ подвижен предмет со кршење или провалување во затворени простории, со совладување препреки или на друг начин совладување поголеми пречки, а со намера за противправно присвојување“ . Во конкретниот случај обвинетиот Ш. Г. заедно со детето С. Г. одзел туѓи подвижни предмети на начин, време и место опишано во диспозитивот на пресудата, со што по оценка на судот во целост го исполнил законското битие на предметното кривично дело, поради што следуваше судот обвинетиот Ш. Г. да го огласи за виновен и казни согласно Законот.

При одлучувањето судот не беше во можност да ја цени одбраната на обвинетиот Ш. Г. со оглед да истиот беше недостапен на органите на прогон и му се судеше во отсуство, согласно чл.365 ст.3 од ЗКП.

Определувањето на видот и одмерувањето на висината на кривичната санкција, судот го изврши согласно Законот за одредување на видот и одмерување на висината на кривичните санкции („Службен весник на РМ бр.199 од 30.12.2014 година“), врз основа на објективната категоризација на кривичното дело и поранешниот живот на обвинетиот, имајќи ги предвид сите околности наведени во законот и во чл.39 од КЗ, а кои се од влијание за индивидуализацијата на висината на казната.

Во таа смисла, имајќи ја во вид запретената казна за предметното кривично дело, судот најпрво изврши објективна категоризација на кривичното дело, кое согласно чл.10 од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на кривичните санкции спаѓа во XXIX - дваесет и деветта хоризонтална категорија. Според поранешниот живот на обвинетиот пак, согласно чл.11 од Законот, истото го категоризираше во првата вертикална колона, односно категорија. Категоризацијата судот ја изврши врз основа на потврда од казнена и кривична евиденција на име на обвинетиот Ш. Г. издадена од Основен суд Скопје 1 С. КР –4393 /16 од 25.02.2016 година и увид во личните податоци на обвинетиот содржани во обвинителниот предлог КО 2 број 165/16 од 18.11.2016 година, од кои судот утврди дека обвинетиот како полнолетник е неосудуван и против се водат постапки за други кривични дела.

Во корелација со наведеното, судот ги ценеше и сите околности од член 39 од КЗ, што влијаат на висината на казната и тоа отежнувачките и олеснувачките околности предвидени и групирани во чл.14 од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на кривичните санкции, а поединечно изразени и бодува ни во табелата содржана во Прилог број 2, кој е составен дел од Законот, од кои како отежнувачки ги ценеше степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, тежината и начинот на сторување на кривичното дело, како и фактот дека обвинетиот е недостапен на органите на прогон на РМ.

Судот воедно ги ценеше и олеснителните околности кои стојат на страна на обвинетиот, а тоа се возраста, обвинетиот кој е е млада личност, роден 1997 година, како полнолетник истиот не е осудуван и против него не се водат постапки за други кривични дела, па во склоп на вака ценетите околности, по извршеното бодување и евалуација на сите околности преку работните листови А, Б и В, кои што се составен дел и се дадени во Прилог број 3, 4 и 5 на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на кривичните санкции,

www.amerika-radio.com

судот утврди дека преовладуваат отежителните во однос на олеснителните околности кај обвинетиот, па за кривичното дело кое му се става на товар го осуди на казна затвор во рамките на горната граница од определеното прво ниво од категоризираната XXIX - дваесет и деветта хоризонтална колона од Законот, како во диспозитивот на пресудата.

Имајќи ги предвид сите погоре наведени околности, судот цени дека со изречената казна спрема обвинетиот Ш. Г. како во изреката на пресудата, ќе се постигнат целите на казнувањето, во смисла на чл.32 од КЗ, да обвинетиот во иднина повеќе не врши вакви или други кривични дела, а воедно да служи и како пример на другите да се воздржат од чинење кривични дела.

Согласно чл.102 и 105 ст.1 од ЗКП, судот го задолжи обвинетиот Ш. Г. да плати на име кривичен судски паушал износ од 2.000,00 денари на жиро сметка:100000000063095, депонент:НБРМ, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка:631, корисник:10 приходна шифра:724132, програма:20, начин:2, примач: Основен суд Скопје 1 С., како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 4.800,00 денари, од кои износ од 1.500,00 денари кои се однесуваат за застапување на обвинетиот на една расправа од страна на бранителот Дејан Славковски адвокат од С. поставен по службена должност, износ од 2.000,00 денари кои се однесуваат на изготвен трошковник од МВР на РМ од 04.01.2016 година и износ од 1.300,00 денари по трошковник од МВР на РМ од 13.01.2016 година, се во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

Согласно член 114 став 2 од ЗКП, судот го задолжи обвинетиот Ш. Г. да ја надомести штетата на оштетениот Х.А. во износ од 47.000,00 денари, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување. При одлучувањето за надомест на штетата, судот имаше во предвид дека на оштетениот со потврда за вратени предмети му е вратен 1 – еден бел алумински радијатор, а за евентуално поголемо барање за надомест на штета судот, оштетениот Х.А. го упати на граѓански спор – парница.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ**
**XXIX К.бр.2472 /16 од 15.05.2017 година**

| | |
|---|---|
| Записничар, | **С у д и ј а,** |
| Марија Ангеловска с.р. | **Илија Трпков с.р.** |

**ПОУКА:** Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје.

**ДН:** - ОЈО С.
- обвинет Ш. Г. од С., на огласна табла на судот
- бранител Дејан Славковски, адвокат од С., поставен по службена должност



www.amerika-radio.com

- оштетениот  Х.А.

www.amerika-radio.com